**Известување за концентрација со која АГРОМАРКЕТ ЛОГИСТИЦ ДОО Крагујевац, Република Србија стекнува контрола над ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ ДООЕЛ с.Долно Караслари, Велес, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-115/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.08.2023 година и дополнето на 08.08.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац, Република Србија, со регистрирано седиште на ул. Краљевачког батаљона бр.235/2, Крагујевац Република Србија стекнува контрола над Хемомак Пестициди ДООЕЛ с. Долно Караслари, Велес, со регистрирано седиште на ул.Вардарска бр.5, с.Долно Каласлари, Велес, преку стекнување на 76% удел во основниот капитал.

Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац, Република Србија, е правно лице во кое како основач и соспственик се појавува физичко лице со 100% удел во капиталот, а истото е дел од Агромаркет Групацијата, кое заедно со своето матично правно лице Агромаркет ДОО Крагујевац, за своја примарна дејност ја има трговијата со средства за заштита на билки, семенска и меркантилна роба, ѓубрива, гарден производи и земјоделска механизација. Подносителот поконкретно се бави и со инвестиции во силосни капацитети, ладилници и останати складишта, за пружање на услуги во складиштење и логистика на семенска роба, ѓубрива, меркантилна роба и набавка на земјоделска механизација за потребите на претпријатијата кои се дел од Групацијата.

Агромаркет има регистрирано присуство и врши промет на стока преку свои партнери и поврзани правни лица низ регионот. Во рамките на Агромаркет групацијата, дејствува и правното лице Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Перо Наков бр.144, Скопје, со ЕМБС 7472080, на територијата на Република Северна Македонија. Ова правно лице е основано во 2020 година, каде како основач и соспственик се појавува физичко лице со 100% удел во капиталот, а кое за своја главна дејност има увоз и големопродажба на пестициди, а се бави и со трговија со ѓубрива и семенски материјал.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ с.Долно Караслари, Велес, друштво основано во 2003 година, согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул.Вардарска бр.5, с.Долно Каласлари, Велес. Правното лице за своја примарна дејност има трговија на големо со хемиски производи. Хемомак Пестици ДООЕЛ е компанија која на пазарот во РСМ се занимава со увоз и дистрибуција на кои се произведени од водечки светски брендови (Bayer, Corteva Agriscience, UPL Europe, Cosaco Gmbh, BASF SE, Galenika -Fitofarmacija). Понатаму, во нивна дејност спаѓа и дистрибуција на течни минерали и ѓубрива (од Агромаркет 2020 Скопје) , како и извоз и дистрибуција на водорастворливи кристални ѓубрива (од Агромаркет ДОО Србија). Воедно, увезуваат и вршат продажба и на биоциди за дезинфегкција, дезинсекција и дератизација, како ј на семиња и семенски материјал.

Предложената трансакција се однесува на пазарот за големопродажба на хемиски производи за заштита на земјоделски растенија и билки.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.**

10.08.2023 година
Скопје